# МОНИТОРИНГ ВО ЗАЕДНИЦАТА ЗА ЗГОЛЕМЕН ОПФАТ НА ДЕЦАТА РОМИ СО ВАКЦИНАЦИЈА

## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА
## "ДО ПОДОБРО ЗДРАВСТВО ЗА РОМИТЕ"
## СКОПЈЕ, 24-25 ЈАНУАРИ, 2012

ROMA ORGANIZATION FOR MULTICULTURAL AFFIRMATION

Centari basi Demokratikano Zuraribe thai Iniciativa

Centar za Demokratski Razvoj i Inicijativa

Center for Democratic Development & Initiative

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

## Граѓански организации кои го применуваат методот на мониторинг во заедницата во Македонија

- НВО КХАМ – Општина Делчево;
- Здружение на просветни работници и заштита на правата на жените и децата - ЛИЛ – Скопје;
- Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација РОМА С.О.С. – Општина Прилеп;
- Центар за демократски развој и иницијативи - ЦДРИМ – Општина Шуто Оризари, Скопје;

Техничка поддршка: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ – ЕСЕ;

Подржано од: **Фондација Отворено општество – Македонија.**

**Зошто е избрана вакцинацијата на Ромското население?**

- Вакцинацијата е задолжителна и бесплатна за сите лица;
- Опфатеноста на децата со вакцинација на национално ниво е над 92%, додека помеѓу децата Роми истата е значително пониска - за различни вакцини се движи помеѓу 35% - 85% (Извор: истражувања на ГО);
- Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2011 година содржи активности насочени кон ромската заедница.

## Зошто концептот на мониторинг на заедницата?

- Овозможува заедницата да се зајакне и мобилизира, за да може самата активно да го оствари правото на здравје;

- Се надоврзува на процесот на Мониторинг и анализа на имплементацијата на програмата и на буџетот наменет за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ.

## Наоди од процесот на Мониторинг и анализа на имплементацијата на програмата и на буџетот наменет за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ

- Период на мониторинг: јануари – јуни 2011;
- Мониторинг на национално и локално ниво;
- Наодите укажуваат на недоследности во имплементацијата на Програмските активности:

  - непостоење на соодветен систем за следење на мерките и активностите наменети специфично за Роми (нивно подведување под групата на семејства со социјални и здравствени ризици), што резултира со неможност за проценување на ефектите од истите,

  - постојат разлики во имплементацијата на активностите во различни општини.
- Измените на Програмата со кои се намалува обемот на активности и предвидените буџетски средства за активностите наменети за Ромите.

# Методологија за спроведување на мониторингот на заедницата

- Мобилизација на заедницата;
- Истражување во заедницата;
- Застапување за промени од самата заедница.

# Мобилизација на заедницата

- Клучен дел во спроведување на мониторинг на заедницата;
- **Предности** во спроведување на концептот на мобилизација на заедницата:
  - Ромското население активно вклучено во планирање и имплементација на активностите,
  - Зголемена свесност кај ромската заедница за значењето на вакцинацијата,
  - Заедницата ги идентификува проблемите за нередовна вакцинација,
- **Предизвици:**
  - Егзистенцијални проблеми на населението,
  - Низок степен на образование и незаинтересираност за проблемот кај дел од заедницата,
  - Честата миграција на населението,
  - Недоверба кон вакцинацијата.

## Очекувани резултати од спроведувањето на концептот на мониторинг на заедницата

- Ромската заедница го препознава, остварува и активно застапува спроведување на правото на здравје, со посебен акцент на превентивната здравствена заштита;
- Државата да обезбеди доследно спроведување на активностите од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ;
- Државата да обезбеди доследно спроведување на услугите поврзани со вакцинацијата;
- Зголемен опфат со превентивни здравствени услуги и вакцинација на децата Роми.